***З А П И С Н И К***
***од 8-ма седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 28.03.2022 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци на Советот на општина Демир Хисар во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во $11^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Љупчо Најдовски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторoски.

На седницата присутни беа претставници од Одделение за финансиски прашања Марина Поповска, од Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС Катерина Радовска.

Бидејќи Советот немаше избрано претседател, согласно член 68 став 5 седницата ја свика и со неа раководеше најстариот член на Советот Љупчо Најдовски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од седма седница на Совет на општина Демир Хисар

За записникот советничката Марина Димитријовска забележа во дискусијата во точка 17 да се нагласи наплатата по судски дека се однесува за „Гришко“ Слепче. Други забелешки немаше. За усвојување на записникот гласаа 10 „за“ со дополнувањето.

-Усвојување на записник од итна седница на Совет одржана на 21.03.2022 година

За усвојување на записникот гласаа 10 „за“.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на Кандидациона комисија за утврдување на кандидат за Претседател на Советот на општина Демир Хисар во состав од 4 члена и претседател.
2. Донесување Решение за избор на Претседател на Советот на општина Демир Хисар.
3. Донесување на Решение за избор на Комисија за мандатни прашања, избор и именување во состав од 4 члена и претседател.
4. Донесување на Одлука за измени и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година.
5. Донесување на одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.317, КП бр.2990, КП бр.3175, КП бр.3085 и КП бр.1898/1 за КО Жван, Општина Демир Хисар.
6. Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена В3.6- Домови на културата, комбинирани културни центри на КП бр.1471/1, м.в. Село, КО Бабино, Општина Демир Хисар.
7. Донесување на Одлука за изменување и дополнување на програмата за донесување на урбанистички планови за Општина демир Хисар за 2022 година.
8. Донесување на Одлука за резервирани средства во буџетот на Општина Демир Хисар за експропријација за изградба на канализационен систем во с.Белче
9. Предлози и прашања.

Претседавачот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. Дискусија немаше. За усвојување на дневниот ред гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Избор на Кандидациона комисија за утврдување на кандидат за Претседател на Советот на општина Демир Хисар во состав од 4 члена и претседател***

За членови во Кандидациона комисија за утврдување на кандидат за Претседател на Советот на општина Демир Хисар претседавачот Љупчо Најдовски ги предложи Сандра Пејковска член, Александра Трајковска претседател, Валентин Несторoски член, Ивана Кочовска член и Јасмина Јовановска член. За кандидационата комисија гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

Кандидационата комисија се повлече со цел да утврди кандидат за Претседател на Советот на Општина Демир Хисар.

***ТОЧКА 2. Решение за избор на Претседател на Советот на општина Демир Хисар***

Претседателот на Кандидационата комисија Александра Трајковска го извести Советот дека има два предлози за Претседател на Советот на Општина Демир Хисар и тоа Љупчо Најдовски и Марина Димитријовска.

Претседавачот Љупчо Најдовски предлозите ги стави на гласање

За предлогот советничката Марина Димитријовска да биде избрана за Претседател на Советот на Општина Демир Хисар гласаа 5 „за“ , 6 „воздржани“ против немаше. Предлогот не беше прифатен.

За предлогот советникот Љупчо Најдовски да биде избран за Претседател на Советот на Општина Демир Хисар гласаа 6 „за“ 5 „против“ воздржани немаше.

Претседавачот констатира за Претседател на Советот на Општина Демир Хисар е избран советникот Љупчо Најдовски.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се заблагодари за довербата која му е дадена да биде Претседател на Совет.

***ТОЧКА 3. Решение за избор на Комисија за мандатни прашања, избор и именување во состав од 4 члена и претседател***

За членови во Комисија за мандатни прашања, избор и именување беа предложени Сандра Пејковска претседател, Аце Јанкуловски член, Алексадра Трајковска член, Јордан Кромидаровски член и Сашо Михајловски член. Советничката Ивана Кочовска побара пауза за консултации. После паузата советникот Јордан Кромидаровски предложи за член во комисијата на неговото место да биде Ивана Кочовска. Забелешки немаше. За Решението за избор на членови во Комисија за мандатни прашања избори и именувања во состав претседател Сандра Пејковска и членови Аце Јанкуловски, Александра Трајковска, Ивана Кочовска и Сашо Михајловски гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 4. Одлука за измени и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за измени и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советничката Марина Димитријовска праша зошто се прават измени кога согласно законот за смрт на вработен на семејството се исплаќа двократен износ на просечна нето плати исплатена во републиката и една просечна нето плата за член на семејство. Претставникот Марина Поповска објасни законот се однесува само за органите од централна власт додека кај органите на локална власт овај износ можи да се планира на 15.000 за член на семејство и 30.000 за вработен, со оглед на енергетската криза општините не можат да го исплаќаат тој износ. Советничката Сандра Пејковска додаде тоа е согласно законот за финансирање на локалните самоуправи. Претставникот Марина Поповска одговори тоа се големи суми за општината ние не можиме да ги исплатиме. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.317, КП бр.2990, КП бр.3175, КП бр.3085 и КП бр.1898/1 за КО Жван, Општина Демир Хисар***

За Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.317, КП бр.2990, КП бр.3175, КП бр.3085 и КП бр.1898/1 за КО Жван, Општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 6. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена В3.6- Домови на културата, комбинирани културни центри на КП бр.1471/1, м.в. Село, КО Бабино, Општина Демир Хисар***

За Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена В3.6- Домови на културата, комбинирани културни центри на КП бр.1471/1, м.в. Село, КО Бабино, Општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Одлука за изменување и дополнување на програмата за донесување на урбанистички планови за Општина демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за изменување и дополнување на програмата за донесување на урбанистички планови за Општина демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 8. Одлука за резервирани средства во буџетот на Општина Демир Хисар за експропријација за изградба на канализационен систем во с.Белче***

За Одлуката за резервирани средства во буџетот на Општина Демир Хисар за експропријација за изградба на канализационен систем во с.Белче објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Во Буџетот на општината беа обезбедени средства за експропријација за земјиште на приватни парцели кои ги зафаќа канализацијата Белче. Има дополнување во одлуката треба да се планираат средства и за проширување на градските гробишта. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски упати апел до градоначалникот да се извести изведувачот улиците во Белче се во катастрофална состојба да се санираат. Претставникот Катерина Радовска објасни известен е изведувачот и подизведувачот разговарано е да се вратат улиците во првобитна состојба. Советникот Јордан Кромидаровски додаде надзор веровaтно има, а советничката Марина Димитријовска праша колку парцели се опфатени. Претставникот Катерина Радовска објасни во Буџетот планирани се 600.000, од кои 400.000 за Белче, од кои за елаборатот 70.000 и останатите средства за обештетување околу 50-60 сопственици. Останатите 200.000 се планирани за проширување на градските гробишта во Демир Хисар. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 9. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски побара одделението за урбанизам да достави информација до Советот колку барања за легализација се одбиени и да се даде образложение зошто се одбиени. Претставникот Катерина Радовска рече тоа да се побара како информација од јавен карактер. Потоа објасни легализацијата е во управна постапка ако има правен интерес немате право. Советничката Сандра Пејковска додаде не е правен интерес ние нема да влијаеме, ние бараме информација, ако е правно издржани нема проблем да добиеме информација. Претседателот Љупчо Најдовски додаде има многу проблеми во Демир Хисар голем број на објекти беа дивоградби меѓу кои и мојот објект, имаше 35 објекти кои беа со решение за уривање во Демир Хисар и се започна постапка, но Драге Пајковски тогаш успеа да ни помогнеа преку министерството за транспорт објекти не беа урнати, ни помогна сите сега ги легализиравме, сега тој не можи неговиот објект да го легализира. Не можи општината за некој да биде мајка за некој маќеа кон сите треба да биди еднакво. Да видиме каде е причината сите се дивоградби зошто некој можи да ја легализира, а некој не можи. Демир Хисар се исели, да се направи напор да се задржат луѓето да му се даде шанса. Ако можи да помогнеме да донесиме одлука да помогнеме и на вас како општина да ги средите работите и на луѓето да му помогнеме да ги легализираат објектите, да му се олесни постапката, еве Сандра да поднеси барање да видиме каде е кочницата. Советничката Сандра Пејковска додаде дека претставникот сакаше да каже дали е законски, додаде тоа ни е намерата да помогнеме ако е законски да добиеме информација дали се постапува на исти начин кај сите. Намерата ни е да му помогнеме на луѓето.

Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен. Претседавачот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-                                        Совет на Општина Демир Хисар

.2022 година                                        Претседател,

Демир Хисар                                        Љупчо Најдовски